ПОВИК ЗА ВКЛУЧУВАЊЕ НА МЛАДИ

на возраст од 18-29 години од општините: Битола, Ресен, Могила, Новаци, Прилеп, Кривогаштани, Долнени, Демир Хисар и Крушево во проектот

МЛАДИНСКИ ПОЛИТИКИ ПО МЕРКА НА МЛАДИТЕ

## СПРОВЕДУВАЧИ на проектот

Про Локал во партнерство со Здружение на млади ЕМПАУРИНГ од Крушево, Здружение на млади УРБАНО ГНЕЗДО од Кривогаштани, Здружение-Центар за млади ПЕЛАГОНЦИ ЕТНОС од с.Дебреште, Долнени, Здружение за напредно современо образование ВОЛВОКС од Битола, Здружение за европска интеграција ЕВРОПСКА ГЛЕДНА ТОЧКА од с.Горно Оризари Битола, Здружение МЛАДИНСКИ СОВЕТ од Прилеп; Здружение за заштита на животната средина ЕКО ГЕРИЛА ПРЕСПА Ресен и Здружение на граѓани за афирмација на културата и развој на рурален туризам ГРАЃАНСКА АКТИВА ИКАРУС од Демир Хисар работат здружено на заеднички проблеми во областа млади а со цел да постигнат системски промени во имплементацијата на политиките за млади на национално ниво.

## ЗОШТО ПРОЕКТ МЛАДИНСКИ ПОЛИТИКИ ПО МЕРКА НА МЛАДИТЕ?

Затоа што потребите и проблемите на младите во руралните места и помалите општини и тоа како се разликуваат од оние на младите во урбаните средини и Скопје. Од друга страна, законодавецот ги третира младите како хомогена група која се соочува со исти предизвици па за сите предвидува идентични решенија. За идентификација и решавање на вистинските локални младински потреби, потребни се нови и иновативни механизми кои пред да се воведат како законски решенија треба да се тестираат на терен за посакуваниот ефект.

Проектот заедно со младите и властите ќе работи здружување на општинските ресурси од една страна и заедничко делување на граѓанските организации за млади од друга страна со цел да се имплементираат решенија за младинските предизвици со предлози кои доаѓаат директно од младите, од местата во кои живеат, додека надзор врз имплементацијата на политики ќе врши граѓанскиот сектор.

*Проектот е поддржан од од владата на Швајцарија преку Цивика мобилитас*

## ЦЕЛИ НА ПРОЕКТОТ

Проектот „Младински политики по мерка на младите“ има за цел вклучување на граѓанските организации во развојот на политики и процесите на донесување одлуки преку соработка и дијалог со властите, како и унапредување на состојбите на младите во руралните средини кои се категорија граѓани со помалку можности заради ограничувањата од социо-културен, економски и географски карактер.

Проектот е поддржан од владата на Швајцарија преку Цивика мобилитас.

## ВРЕМЕНСКА РАМКА НА ПРОЕКТОТ

01.12.2023 – 31.05.2026

## АКТИВНОСТИ

Проектот предвидува 2 взаемно условени активности:

1. Проценка на влијанието на младинските политики врз младинските состојби во руралните општини наспроти урбаните и препораки за подобрување на законската регулатива.
2. Воспоставување и тестирање на механизам за креирање младински политики и донесување одлуки со младинско вклучување

## КОЈА Е УЛОГАТА НА МЛАДИТЕ

Младите кои ќе се пријават на повикот, вкупно 18 лица од сите 9 Пелагониски општини, ќе учествуваат во работата на Регионалната Платформа за МЛАДИ, каде ќе имаат еднакво право на глас заедно со општините и **ќе имаат можност да донесат заеднички одлуки за решавање на младинските проблеми во местото каде што живеат.**

Конкретно, ќе учествуваат во локалните работни групи каде што заедно со општините ќе ги мапираат младинските потреби во сектори релевантни на општинските надлежности како што се: култура, спорт, младинско (граѓанско) учество, инфраструктура, заштита на животна средина, јавен транспорт, здравје и безбедност, граѓанско општество и транспарентност, отчетност и буџетирање и сл.

*Проектот е поддржан од од владата на Швајцарија преку Цивика мобилитас*

Младите од Прилеп ќе работат со Младински Совет Прилеп и претставници на општинската администрација во Прилеп. Динамиката на активности предвидува учество на состаноци со Советот на општината и локалната администрација, 2 работилници, 1 тренинзи и 3 состаноци на Регионалната Платформа. Младите ќе учествуваат и на 3 настани од јавен карактер со поголема видливост, Тематски Форум, Регионална конференција за млади и Завршна Конференција на проектот. Дополнително, младите ќе бидат дел и од промотивните активности на социјалните медиуми и настани за вмрежување и застапување со претставници на Парламентот, Агенцијата за спорт и млади и други организации кои работат во областа млади на национално ниво.

Секој учесник ќе има можност да работи на креирање и имплементација на проект од мал обем од интерес на младите во својата општина.

Патните трошоци и трошоците за сместување на учесниците се покриени од проектот.

## НАЧИН НА АПЛИЦИРАЊЕ

Заинтересираните млади потребно е да испратат Пријава во која ќе ги наведат личните податоци и место на живеење, Мотивациско Писмо во кое треба да се наведат причините за учество во активностите на проектот на следната адреса contact@ycp.org.mk најдоцна до 02.12.2024 година.

## КОТАКТ ЗА ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

Сите заинтересирани млади лица од засеганатите општини можат своите прашања за проектот и неговата имплементација да ги постават на contact@ycp.org.mk.

*Проектот е поддржан од од владата на Швајцарија преку Цивика мобилитас*